# АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РАМКА ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КРАТОК ДОКУМЕНТ
ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# Краток документ за јавни политики Анализа на правната рамка за говор на омраза во Северна Македонија

## Хелсиншки комитет за човекови права

Скопје
октомври, 2023

*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Говорот на омраза како загрижувачки тренд е се повеќе присутен во Северна Македонија. Додека најчесто млади лица се и сторители, како и жртви од исклучителна важност е неговото препознавање, пријавување и понатамошно процесирање да е адекватно, земјќи предвид дека исто така, говорот на омраза е првиот чекор пред вистинско насилство. Иако постојат одредени кривични одредби, сегашната правна рамка нема јасна дефиниција и конзистентност во санкционирањето и превенцијата на говорот на омраза. Овој документ ги прикажува празнините во националното законодавство, го анализира во светло на стандардите на ЕУ и предлага конкретни препораки за ефективно справување со проблемот.

КЛУЧНИ НАОДИ:

- Отсуство на експлицитна дефиниција за говор на омраза во Кривичниот законик.
- Недоволно разграничување помеѓу говор на омраза и лична навреда или клевета.
- Недоволни граѓански и управни правни лекови (исплаќање компензација, бришење, блокирање, судска забрана и објавување потврда дека изјавата претставува говор на омраза, како и според управното право: парични казни и губење на лиценцата).
- Неусогласеност со Актот за дигитални услуги на ЕУ и насоките на Советот на Европа.
- Ограничен мандат на клучните институции за системски пристап кон говорот на омраза.

# Правна анализа и празнини

Кривичниот законик моментално нема посебен член кој експлицитно го регулира говорот на омраза. Постоечките одредби (на пр. чл. 319, 394) опфаќаат некои аспекти, но не обезбедуваат унифициран и ефективен механизам за санкционирање. Граѓанското и управното право, особено Законот за спречување и заштита од дискриминација , не предвидуваат јасен мандат за институциите како Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) да дејствуваат против говорот на омраза.

# Меѓународни и европски стандарди

Стандардите на ЕУ и Советот на Европа бараат јасни правни дефиниции, пропорционални санкции и механизми за заштита од злоупотреба. Актот за дигитални услуги на ЕУ предвидува обврски за онлајн платформите за навремено отстранување на говорот на омраза. Правната рамка на Северна Македонија треба да ги инкорпорира овие елементи за да се усогласи со обврските од пристапувањето во ЕУ и да обезбеди заштита за маргинализираните групи.

# ПРЕПОРАКИ

- Да се воведе посебна одредба во Кривичниот законик за дефинирање и санкционирање на говорот на омраза.
- Да се усвојат јасни насоки за толкување и примена од страна на судовите и полицијата.
- Да се овласти Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со експлицитна надлежност за говор на омраза.
- Да се зајакне медиумската регулатива и да се воведат обврски за онлајн платформите за контрола на говор на омраза.
- Да се промовираат ресторативни мерки (општокорисна работа) за сторителите.
- Да се развијат обуки за судии и обвинители за примената на европската пракса.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА